# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

"Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена.

Понеделник, 30 декември 2002
Скопје
Број 99 Год. LVIII

Аконтацијата за 2002 година изнесува 8.000 денари. Овој број чини 200 денари. Жиро сметка 300000000188798


**1806.**

Врз основа на член 36, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000) и член 54, став 4 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 30 декември 2002 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК НА МАНДАТОТ ПО СИЛА НА ЗАКОН**

1. Се констатира престанок на мандатот по сила на закон на градоначалникот на општина Василево, Методи Митев поради настапување на условот од член 54, став 1 алинеја 2, за престанок на мандатот по сила на закон.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-5776/4
30 декември 2002 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

**1807.**

Врз основа на член 36, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000) и член 54, став 4 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 30 декември 2002 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК НА МАНДАТОТ ПО СИЛА НА ЗАКОН**

1. Се констатира престанок на мандатот по сила на закон на градоначалникот на општина Оризари, Ванчо Станков поради неспојливост на функцијата градоначалник на општина со вршењето на функцијата пратеник во Собранието на Република Македонија на која е избран.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-5776/3
30 декември 2002 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

**1808.**

Врз основа на член 36, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000) и член 54, став 4 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 30 декември 2002 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК НА МАНДАТОТ ПО СИЛА НА ЗАКОН**

1. Се констатира престанок на мандатот по сила на закон на градоначалникот на општина Шуто Оризари, Неждат Мустафа поради неспојливост на функцијата градоначалник на општина со вршењето на функцијата пратеник во Собранието на Република Македонија на која е избран.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-5776/2
30 декември 2002 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

**1809.**

Врз основа на член 36, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000) и член 54, став 4 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 30 декември 2002 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК НА МАНДАТОТ ПО СИЛА НА ЗАКОН**

1. Се констатира престанок на мандатот по сила на закон на градоначалникот на општина Кочани, Љубомир Јанев поради неспојливост на функцијата градоначалник на општина со вршењето на функцијата министер во Владата на Република Македонија на која е избран.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-5776/1
30 декември 2002 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

**1810.**

Врз основа на член 36 став 3 од Законот на Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000) и член 96 став 4 од Деловникот за работа на Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 44/99), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 30 декември 2002 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ВОВЕДУВАЊЕ ВИЗЕН РЕЖИМ ЗА ДРЖАВЈАНИТЕ НА РОМАНИЈА**

1. Владата на Република Македонија, воведува визен режим за државјаните на Романија.

2. За романските државјани се воведуваат визи почнувајќи од 15.01.2003 година. Визите ќе се издаваат во дипломатско-конзуларните претставништва на Република Македонија во странство.

3. Носителите на дипломатски и службени патни исправи, ќе бидат ослободени од визниот режим.

4. Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-6659/1
30 декември 2002 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

**1811.**

Врз основа на член 10 од Законот за угостителска и туристичка дејност ("Службен весник на Република Македонија" бр. 23/95, 33/2000 и 25/2002), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 30.12.2002 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА РАБОТНОТО ВРЕМЕ НА УГОСТИТЕЛСКИТЕ ОБЈЕКТИ, ТУРИСТИЧКИТЕ БИРОА И ТУРИСТИЧКИТЕ АГЕНЦИИ**

Член 1

Во Одлуката за определување на работното време на угостителските објекти, туристичките бироа и туристичките агенции ("Службен весник на Република Македонија" бр. 37/02), во член 3, потточка 2.2., по зборот "август" се додаваат зборовите: "и од 15 декември до 15 февруари".

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-6760/1 Претседател на Владата
30 декември 2002 година на Република Македонија,
Скопје **Бранко Црвенковски,** с.р.

**1812.**

Врз основа на член 18 од Законот за енергетика ("Службен весник на Република Македонија" бр. 47/97) и член 36, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 30.12.2002 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ЕНЕРГЕТСКИОТ БИЛАНС НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2003 ГОДИНА**

1. Се донесува Енергетскиот биланс на Република Македонија за 2003 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-6697/1 Претседател на Владата
30 декември 2002 година на Република Македонија,
Скопје **Бранко Црвенковски,** с.р.

**1813.**

Врз основа на член 17 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96 и 6/2002), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 16 декември 2002 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈП ЗА ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА МАГИСТРАЛНИТЕ И РЕГИОНАЛНИТЕ ПАТИШТА "МАКЕДОНИЈАПАТ"-СКОПЈЕ**

1. За членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта "Македонијапат" - Скопје се именуваат:
- Шазим Мехмети, град. инженер,
- Селајдин Зеќири, хемичар.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-6136/2 Претседател на Владата
16 декември 2002 година на Република Македонија,
Скопје **Бранко Црвенковски**, с.р.

**1814.**

Врз основа на член 26 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96 и 6/2002), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 16 декември 2002 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА ОДБОРОТ ЗА КОНТРОЛА НА МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈП ЗА ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА МАГИСТРАЛНИТЕ И РЕГИОНАЛНИТЕ ПАТИШТА "МАКЕДОНИЈАПАТ" - СКОПЈЕ**

1. За член на Одборот за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта "Македонијапат" - Скопје се именува Газменд Рамадани, економист.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-6137/2 Претседател на Владата
16 декември 2002 година на Република Македонија,
Скопје **Бранко Црвенковски**, с.р.

**1815.**

Врз основа на член 17 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96 и 6/2002), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 16 декември 2002 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈП ЗА ПОШТЕНСКИ СООБРАЌАЈ "МАКЕДОНСКА ПОШТА" - СКОПЈЕ**

1. За членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за поштенски сообраќај "Македонска пошта" - Скопје се именуваат:
- Рахим Самиу, правник,
- Арбана Бајрами, м-р по информатика.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-6140/2 Претседател на Владата
16 декември 2002 година на Република Македонија,
Скопје **Бранко Црвенковски**, с.р.

**1816.**

Врз основа на член 26 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96 и 6/2002), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 16 декември 2002 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА ОДБОРОТ ЗА КОНТРОЛА НА МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈП ЗА ПОШТЕНСКИ СООБРАЌАЈ "МАКЕДОНСКА ПОШТА" - СКОПЈЕ**

1. За член на Одборот за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие за поштенски сообраќај "Македонска пошта" - Скопје се именува Изет Меџити, економист.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-6141/2 Претседател на Владата
16 декември 2002 година на Република Македонија,
Скопје **Бранко Црвенковски**, с.р.

**1817.**

Врз основа на член 100 став 1 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 16 декември 2002 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА ДИРЕКТОР НА МУЗЕЈОТ НА ГРАД КРАТОВО-КРАТОВО**

1. Лела Петрова се разрешува од должноста вршител на должноста директор на Музејот на град Кратово - Кратово.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 17-6258/2
16 декември 2002 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

---

**1818.**

Врз основа на член 100 став 1 од Законот за културата (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 16 декември 2002 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА ДИРЕКТОР НА АНСАМБЛОТ ЗА НАРОДНИ ИГРИ И ПЕСНИ “ТАНЕЦ“ - СКОПЈЕ**

1. Бошко Треневски се разрешува од должноста вршител на должноста директор на Ансамблот на народни игри и песни “Танец“ - Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 17-6401/2
16 декември 2002 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

---

**1819.**

Врз основа на член 100 став 1 од Законот за културата (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 16 декември 2002 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА ДИРЕКТОР НА АНСАМБЛОТ ЗА НАРОДНИ ИГРИ И ПЕСНИ “ТАНЕЦ“ - СКОПЈЕ**

1. За вршител на должноста директор на Ансамблот за народни игри и песни “Танец“ - Скопје се именува Марко Коловски, дипл. музиколог, главен и одговорен уредник на списанието “Музика“.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 17-6490/1
16 декември 2002 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

**1820.**

Врз основа на член 100 став 1 од Законот за културата (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 16 декември 2002 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА ДИРЕКТОР НА МУЗЕЈОТ НА ГРАД КРАТОВО-КРАТОВО**

1. За вршител на должноста директор на Музејот на град Кратово - Кратово се именува Илија Митевски, дипл.професор по историја, вработен во Музејот.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 17-6491/1
16 декември 2002 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

---

**1821.**

Врз основа на член 50 од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/2002), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 16 декември 2002 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА АГЕНЦИЈАТА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ - СКОПЈЕ**

1. За членови на Управниот одбор на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување - Скопје се именуваат:

за време од три години

- Јадранка Мршиќ, раководител на Сектор во Комерцијална банка - Скопје,

- Џемаил Елмази, вработен во Управата за јавни приходи - Регионална дирекција - Тетово,

за време од пет години

- Киро Зрмановски, секретар на Стопанска банка АД - Скопје,

- Драгица Тодоровска, вработена во Советот на општина Ѓорче Петров,

- за време од седум години

- м-р Ана Павловска-Данева, асистент на Правниот факултет во Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 17-6492/1
16 декември 2002 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

**1822.**

Врз основа на член 4 став 1 од Одлуката за основање Национален Безбедносен Авторитет на Република Македонија во НАТО контекст ("Службен весник на Република Македонија" бр. 21/2002), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 16 декември 2002 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА НАЦИОНАЛНИОТ БЕЗБЕДНОСЕН АВТОРИТЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО НАТО КОНТЕКСТ**

1. За директор на Националниот Безбедносен Авторитет на Република Македонија во НАТО контекст се именува д-р Стојан Славески, советник за подготовка и проценка на одбранбениот систем во Министерството за одбрана.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-6480/2
16 декември 2002 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

---

**1823.**

Врз основа на член 4 став 1 од Одлуката за основање Национален Безбедносен Авторитет на Република Македонија во НАТО контекст ("Службен весник на Република Македонија" бр. 21/2002), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 16 декември 2002 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ДИРЕКТОР НА НАЦИОНАЛНИОТ БЕЗБЕДНОСЕН АВТОРИТЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО НАТО КОНТЕКСТ**

1. Се разрешува Тони Јакимовски од должноста директор на Националниот Безбедносен Авторитет на Република Македонија во НАТО контекст.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-6495/1
16 декември 2002 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

---

**1824.**

Врз основа на член 47 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 58/2000 и 44/2002), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 16 декември 2002 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ДИРЕКТОР НА ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА**

1. Се разрешува Халит Хајдари од должноста директор на Државниот инспекторат за локална самоуправа, поради негово именување на друга должност, заклучно со 13 ноември 2002 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-6496/1
16 декември 2002 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

---

**1825.**

Врз основа на член 47 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 58/2000 и 44/2002), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 16 декември 2002 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА**

1. За директор на Државниот инспекторат за локална самоуправа, орган во состав на Министерството за локална самоуправа се именува Владимир Ристоски, дипл. правник.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-6497/1
16 декември 2002 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

---

**1826.**

Врз основа на член 47 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 58/2000 и 44/2002), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 16 декември 2002 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ДИРЕКТОР НА СЛУЖБАТА ЗА СТАНДАРДИЗАЦИЈА И МЕТРОЛОГИЈА**

1. Се разрешува Зоран Николовски од должноста директор на Службата за стандардизација и метрологија, орган во состав на Министерството за економија.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-6510/1
16 декември 2002 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

---

**1827.**

Врз основа на член 47 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 58/2000 и 44/2002), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 16 декември 2002 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА СЛУЖБАТА ЗА СТАНДАРДИЗАЦИЈА И МЕТРОЛОГИЈА**

1. За директор на Службата за стандардизација и метрологија, орган во состав на Министерството за економија, се именува Ристо Јосифовски, дипл. машински инженер.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 17-6511/1
16 декември 2002 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

**1828.**

Врз основа на член 37 и 38 од Законот за хартии од вредност (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 63/00, 103/00, 34/01, 04/02 и 37/02), согласно Одлуката на Комисијата за хартии од вредност донесена на седницата одржана на 23.12.2002 година, Комисијата издава

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ДАВАЊЕ ОДОБРЕНИЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЛГОРОЧНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ**

1. На Трговското друштво за производство и истражување ЛАРИН МРАМОР КОМПАНИ Експорт-Импорт АД Скопје се дава одобрение за издавање на долгорочни хартии од вредност - втора емисија на 340.000 обични акции во вредност од 1.700.000 ЕВРА или во денарска противвредност од 103.799.960 денари по средниот курс на НБРМ на денот на издавање на Решението, согласно Одлуката за издавање акции од втора емисија од 20.11.2001 година и Одлуката за измени и дополнувања на Одлуката за издавање акции од втора емисија од 12.12.2002 година.

2. Издавачот на долгорочни хартии од вредност од точка 1 на ова решение е должен да ги изврши сите обврски од хартиите од вредност во рокот и начинот предвиден со Законот и Одлуката за нивно издавање.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

4. Ова решение ќе се објави во “Службен весник на Република Македонија“.

Број 07-1866/10
23 декември 2002 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност

**1829.**

Врз основа на член 39 став 7 од Законот за заштита на растенијата (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 25/98 и 6/2000), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесува

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЗВОЛИ ЗА ПУШТАЊЕ ВО ПРОМЕТ НА СРЕДСТВА ЗА ЗАШТИТА НА РАСТЕНИЈАТА**

Член 1

Во Правилникот за начинот на издавање на дозволи за пуштање во промет на средства за заштита на растенијата (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 65/2001), во членот 2 по став 5 се додава нов став 6 кој гласи:

“Овластеното правно лице по приемот на пријавата за биолошки испитувања на средства за заштита на растенијата или најкасно по поставувањето односно одредувањето на опитот треба да го извести Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - Управата за заштита на растенијата за местото на опитот на испитувањата.“

Член 2

Во член 8 по точка 1 се додава нова точка 2 која гласи:

„2. во текот на еден вегетационен период на два локалитети или две правни лица по еден локалитет ако се однесува за средства за заштита на растенијата од нова активна материја, комбинација на нови активни материи и комбинација на нова и употребувана активна материја, но истите да се регистрирани во земја членка на Европската унија или ако се регистрирани и се во употреба во најмалку три земји.“

Во точка 2 која станува точка 3 алинеја 3 се брише.

Во став 3 алинеја 3 се брише.

Член 3

За средствата за заштита на растенијата кои се ставени во испитување или се во постапка, а не се издадени решенијата, постапката ќе се заврши по овој правилник.

Член 4

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 10-13149/1
30 декември 2002 година
Скопје

Министер,
**Славко Петров**, с.р.

По извршеното срамнување со изворниот текст, утврдено е дека во текстот на Одлуката за одобрување на Спогодба во форма на размена на писма меѓу Република Македонија и Европската заедница за пристапување на Република Македонија кон ЕКО-точки системот кој се однесува за транзитниот сообраќај низ Република Австрија, објавена во “Службен весник на Република Македонија“ бр. 91/2002, направена е грешка, поради што се дава

И С П Р А В К А
НА ОДЛУКАТА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА СПОГОДБА ВО ФОРМА НА РАЗМЕНА НА ПИСМА МЕЃУ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ЕВРОПСКАТА ЗАЕДНИЦА ЗА ПРИСТАПУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КОН ЕКО-ТОЧКИ СИСТЕМОТ КОЈ СЕ ОДНЕСУВА ЗА ТРАНЗИТНИОТ СООБРАЌАЈ НИЗ РЕПУБЛИКА АВСТРИЈА

Составен дел на точката 2 од Одлуката за одобрување на Спогодба во форма на размена на писма меѓу Република Македонија и Европската заедница за пристапување на Република Македонија кон ЕКО-точки системот кој се однесува за транзитниот сообраќај низ Република Австрија се и текстовите од разменетите писма и анексите на Спогодбата на англиски и на македонски јазик.

Бр. 23-5944/2
30 декември 2002 година
Скопје

Од Владата на Република
Македонија

## *Огласен дел*

### ЗАПИШУВАЊЕ ВО ТРГОВСКИОТ РЕГИСТАР

Основниот суд Штип во Штип, со решението П.Трег. бр. 637/02 од 16.07.2002 година, во регистарската влошка бр. 03003398?-3-01-000, го запиша во трговскиот регистар пристапувањето на нов содружник и зголемувањето на основната главница на Друштвото за производство, услуги и трговија Евромак-99 Љубица ДОО увоз-извоз Радовиш, ул. "Ѓорѓи Сугарев" бр. 4.

Во друштвото пристапува новиот содружник Илија Мијалов од нас. Раклиш - Радовиш, кој вложува обртни средства во износ од 600.000,00 денари или 9.836 евра со што се зголемува основната главница на друштвото која сега изнесува: 929.100,00 денари или 15.231 евро.

Новиот содружник за обврските на друштвото не одговара.

Од Основниот суд Штип во Штип, П.Трег. бр. 637/02. (25295)

---

Основниот суд Штип во Штип, со решението П.Трег. бр. 437/2002 од 22.04.2002 година, во регистарската влошка бр. 03002126?-3-03-000, го запиша во трговскиот регистар уписот на конверзија и истапување и пристапување на Друштвото за производство, трговија и услуги РОЈАЛ-МБ ДОО Штип, ул. "Борис Крајгер" бр. 6/12.

Упис на конверзија на основната главница.

Основната главница пред конверзијата е 10.248 дем или 313.282 денари.

По конверзијата основната главница е 10.248 дем или 5.124 ЕУР или 313.282 денари.

истапува содружникот Басаров Ристо и својот удел од 5.124 ДЕМ или 2.562 ЕУР или 156.641 денар - го пренесува на Николиски Горанче од Штип со адреса на ул. "Браќа Даневи" бр. 12/10, како содружник кој пристапува.

Од Основниот суд Штип во Штип, П.Трег. бр. 437/2002. (25296)

---

Основниот суд Штип во Штип, со решението П.Трег. бр. 588/02 од 8.7.2002 година, во регистарската влошка бр. 03002397?-3-03-000, го запиша во трговскиот регистар зголемувањето на основната главница на Трговското друштво Бипром ДОО Штип, ул. "Делчевска" бр. 14, Штип.

Трговското друштво Бипром ДОО Штип, ул. "Делчевска" бр. 14, Штип, ја зголеми основната главница во износ од 3.345.870,57 денари или 55.450,29 евра, така што сега основната главница на друштвото изнесува вкупно 3.730.170,57 денари или 60.010,31 евро.

Од Основниот суд Штип во Штип, П.Трег. бр. 588/02. (25298)

---

Основниот суд Штип во Штип, со решението П.Трег. бр. 738/2002 од 29.07.2002 година, во регистарската влошка бр. 03001441?-8-01-000, го запиша во трговскиот регистар зголемувањето на основната главница на Трговското друштво за производство, трговија, угостителство и услуги Савело Драгољуб ДООЕЛ увоз-извоз ул. "Димитар Влахов" бр. 43, Струмица.

Зголемување на основната главница за износ од 545.000,00 денари или 8.939 евра, со што основната главница на друштвото сега изнесува: 8.992.930,00 денари или 143.460,00 евра.

Од Основниот суд Штип во Штип, П.Трег. бр. 738/2002. (25299)

---

Основниот суд Штип во Штип, со решението П.Трег. бр. 715/02 од 10.07.2002 година, во регистарската влошка бр. 03009988?-8-03-000, го запиша во трговскиот регистар зголемувањето на основната главница на Друштвото за производство, трговија и услуги ЦЕНЕР ДООЕЛ експорт-импорт Штип, ул. "Сутјеска" бб.

Досегашниот влог на друштвото е 3.000 евра.

Основачот-единствениот содружник на друштвото ја зголемува основната главница за 25.000 евра. Вкупната вредност на влогот сега изнесува 28.000 евра или 1.706. 914,50 денари од кои стар влог 183.000,00 денари, а нов влог 1.523.914,50 денари.

Од Основниот суд Штип во Штип, П.Трег. бр. 715/02. (25300)

---

Основниот суд Штип во Штип, со решението П.Трег. бр. 645/02 од 15.7.2002 година, во регистарската влошка бр. 03005021?-8-01-000, го запиша во трговскиот регистар зголемувањето и конверзијата на влог на Друштвото за производство, трговија и услуги Брилијант ДООЕЛ увоз-извоз Штип, ул. "Брегалничка" бб.

Се зголемува основната главница на друштвото за 9.522.780,00 денари или 155.753 евра.

Сега основната главница на друштвото вкупно е: 15.132.100,00 денари или 247.508 евра.

Од Основниот суд Штип во Штип, П.Трег. бр. 645/02. (25301)

---

Основниот суд Штип во Штип, со решението Трег. бр. 662/02 од 8.7.2002 година, во регистарската влошка бр. 03010021?-8-01-000, го запиша во трговскиот регистар зголемувањето на основната главница на Друштвото за производство, трговија, услуги и транспорт Вадра - Транс ДООЕЛ Струмица, ул. "5 Ноември" бр. 15.

Основачот Благој Ангелов врши зголемување на основната главница за 822.895,00 денари или 13.500,00 евра.

Досегашниот влог од 158.000,00 денари или 2.600,00 евра се зголемува за 822.895,00 денари или 13.500,00 евра и изнесува вкупно 980.895,00 денари или 16.100 евра.

Основач и единствен содружник е лицето Ангелов Благоја од Струмица со стан на живеење на ул. "Благој Мучето" бр. 48/2, Струмица.

Од Основниот суд Штип во Штип, Трег. бр. 662/02. (25302)

---

Основниот суд Штип во Штип, со решението П.Трег. бр. 730/02 од 24.07.2002 година, во регистарската влошка бр. 03010068?-8-06-000, го запиша во трговскиот регистар уписот на зголемувањето на основната главница на Друштвото за транспорт, производство, трговија и услуги Балекс ДОО увоз-извоз ул. "Ѓорче Петров" бр. 2/2, Штип.

Основната главница е зголемена со нов основачки влог во износ од 6.000 евра или 366.840,00 денари.

Пристапува новиот содружник Драган Гошев од Штип, ул. "Сремски Фронт" бр. 21/12.

Се врши преобразба на друштвото со ограничена одговорност основано од едно лице, во друштво со ограничена одговорност.

Од Основниот суд Штип во Штип, П.Трег. бр. 730/02. (25303)

---

Основниот суд Штип во Штип, со решението П.Трег. бр. 58/2002 од 20.03.2002 година, во регистарската влошка бр. 03009248?-3-01-000, го запиша во трговскиот регистар зголемувањето на основната главница на Друштвото за трговија и услуги ВЕЛМАК ДОО увоз-извоз Струмица, ул. "Орце Николов" бр. 22.

Содружниците на Друштвото за трговија и услуги ВЕЛМАК ДОО увоз-извоз од Струмица, ја зголемуваат основната главница на друштвото: содружникот Елка Зетова внесува нов основачки влог во износ од 974.750,00 денари или 15.980,00 евра.

Претходно содружникот имаше стар влог од 77.500,00 денари или 1.250,00 евра.

Со зголемувањето на влогот содружникот вкупно ќе има 1.052.250,00 денари или 17.250,00 евра.

Содружникот Јован Зетов внесува нов основачки влог во износ од 974.750,00 денари или 15.980,00 евра.

Претходно содружникот имаше стар влог од 77.500,00 денари или 1.250,00 евра, со зголемувањето на влогот содружникот вкупно ќе има 1.052.250,00 денари или 17.250,00 евра.

Од Основниот суд Штип во Штип, П.Трег. бр. 58/02. (25304)

---

Основниот суд Штип во Штип, со решението П.Трег. бр. 710/2002 од 23.07.2002 година, во регистарската влошка бр. 03009383?-3-03-000, го запиша во трговскиот регистар зголемувањето на основната главница на Друштвото за преработка на млеко и производство на сирење МИЛКО ОВЧЕ ПОЛЕ ДОО Св. Николе, ул. “Маршал Тито“ бр. 75.

Се врши зголемување на основната главница на друштвото за износ од 21.403 евра во денарска противвредност од 1.327.000,00 денари, и основната главница на друштвото изнесува вкупно 29.493 евра или во денарска противвредност од 1.823.000,00 денари.

Од Основниот суд Штип во Штип, П.Трег. бр. 710/2002. (25305)

---

Основниот суд Штип во Штип, со решението П.Трег. бр. 448/02 од 27.05.2002 година, во регистарската влошка бр. 03009873?-3-06-000, го запиша во трговскиот регистар зголемувањето на основната главница на Друштвото за производство, транспорт, шпедиција, трговија со половни возила и услуги СТОЕВТЕКС ДОО увоз-извоз Штип, ул. “Ратко Јовановиќ“ бр. 13.

Се зголемува основната главница на друштвото ДОО СТОЕВТЕКС за 2.277.220,00 денари или 37.246 евра.

Сега основната главница на друштвото е 2.436.184,00 денари или 39.846 евра.

Од Основниот суд Штип во Штип, П.Трег. бр. 448/02. (25306)

---

## СТЕЧАЈНИ ПОСТАПКИ

Основниот суд во Прилеп, со решение Ст. бр. 217/02 од 13.12.2002 година, отвори стечајна постапка према должникот Трговско друштво за промет и угостителство на Жарко Илиески "ГРЕМИ" ДООЕЛ увоз-извоз Прилеп, со седиште на ул. "Ладо Лапецот" бр. 34а во Прилеп, запишан во регистарска влошка 01005670?-8-01-000 на Основен суд Битола, со жиро сметка бр. 300020000216054 во Комерцијална банка АД Скопје-филијала Прилеп, не се спроведува, но се заклучува поради тоа што должникот му должи на единствениот основач.

Од Основниот суд во Прилеп. (33678)

---

Со решение Ст. бр. 26/02 од 9.12.2002 година на Основниот суд во Охрид, се определува мерка на обезбедување со која се одредува дека должникот АДГ "Трудбеник" од Охрид може да располага со својот имот само со претходна дозвола на стечајниот судија. Се повикуваат должниците на АДГ "Трудбеник" од Охрид, своите обврски да ги исполнуваат водејќи сметка за ова решение, а солидарните содолжници и гаранти на АДГ "Трудбеник" од Охрид, се повикуваат без одлагање да ги исполнуваат своите обврски кон должникот.

Од Стечајниот совет на Основниот суд во Охрид. (33679)

---

Основниот суд во Прилеп, со решение Ст. бр. 213/02 од 13.12.2002 година, отвори стечајна постапка према должникот Друштво за трговија, услуги, транспорт и шпедиција Тони Божиноски БОСТ-Н увоз-извоз ДООЕЛ Прилеп, со седиште на ул. "Копаоник" бр. 25 во Прилеп, запишан во регистарска влошка 01012300?-8-01-000, со решение трег. 1595/2000 на Основен суд Битола, со жиро сметка бр. 300020000176769 во Комерцијална банка АД Скопје-филијала Прилеп, не се спроведува но се заклучува поради тоа што должникот му должи само на единствениот основач.

Од Основниот суд во Прилеп. (33680)

---

Основниот суд во Битола, со решение Ст. бр. 310/02 од 20.12.2002 година, над Трговско друштво за трговија на големо и мало и производство Анастасовска Тајнана "ГОСИ-ПРОМЕТ" увоз-извоз Битола со дејност трговија на големо и жиро сметка 40300-601-20829 при Агенција за работа со блокирани сметки, отвори стечајна постапка, не ја спроведе и ја заклучи.

Од Основниот суд во Битола. (33921)

---

Основниот суд во Битола, со решение Ст. бр. 321/02 од 20.12.2002 година, над Друштво за производство, трговија и услуги на големо и мало "Стилисти" ул. "И.Цанкар" бр. 20 В, Трег. бр. 010228?-8-01-000 и жиро сметка 290-2000000386-47 при Тетекс Кредитна банка АД Скопје, отвори стечајна постапка, не ја спроведе и ја заклучи.

Од Основниот суд во Битола. (33922)

---

Основниот суд во Гостивар објавува дека со решение на овој суд Ст. бр. 109/02 од 20.12.2002 година, отворена е стечајна постапка над должникот Друштво за транспорт, градежништво, производство, услуги и трговија "АиБиБ ТРАНС" Абдула ДООЕЛ увоз-извоз од Гостивар, но истата не се спроведува поради немање на имот, па отворената стечајна постапка над должникот се заклучува.

Од Основниот суд во Гостивар. (33924)

---

Основниот суд во Гостивар објавува дека со решение на овој суд Ст. бр. 108/02 од 13.12.2002 година, отворена е стечајна постапка над должникот Друштво за трговија, транспорт и туризам МИГРОС ЛУЦЕРН Гулифат Арслани ДООЕЛ експорт-импорт од Гостивар, но истата не се спроведува поради немање на имот, па отворената стечајна постапка се заклучува.

Од Основниот суд во Гостивар. (33925)

---

Основниот суд Скопје II - Скопје објавува дека со решение IV. Ст. бр. 448/02 од 25.12.2002 година, се отвора стечајна постапка над должникот Друштво за производство, трговија и услуги "ФРОСИМ" Зорица и Васил ДОО увоз-извоз, со седиште на ул. "Благоја Паровиќ" бр. 76/2-7 со жиро сметка 360016010016592 и регистарска влошка 02023295?-3-03-000 при регистарот на Основниот суд Скопје I-Скопје и истата не се спроведува.

Отворената стечајна постапка над должникот Друштво за производство, трговија и услуги "ФРОСИМ" Зорица и Васил ДОО увоз-извоз, се заклучува.

По правосилноста на решението должникот да се брише од регистарот кој го води Основниот суд Скопје I - Скопје.

Од Основниот суд Скопје II - Скопје. (33884)

---

Основниот суд Скопје II - Скопје објавува дека со решение IV. Ст. бр. 408/02 од 11.12.2002 година, се отвора стечајна постапка над должникот Трговско друштво за производство и трговија на големо и мало

"ВЛАДИМИРОФФ" Владимир ДООЕЛ увоз-извоз, со седиште на ул."69"бр. 4 со жиро сметка 2000000-32492567 и регистарска влошка 02025273?-8-01-000 при регистарот на Основниот суд Скопје I-Скопје и истата не се спроведува.

Отворената стечајна постапка над должникот Трговско друштво за производство и трговија на големо и мало "ВЛАДИМИРОФФ" Владимир ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, се заклучува.

По правосилноста на решението должникот да се брише од регистарот кој го води Основниот суд Скопје I - Скопје.

Од Основниот суд Скопје II - Скопје. (33885)

---

Основниот суд во Битола со решение Ст. бр. 320/02 од 20.12.2002 година, над Друштво за посредување, консалтинг, услуги и трговија "ЕКОФИ" Билјана ДООЕЛ Битола со дејност книговодствени услуги и жиро сметка 500-0000002364-16 при Стопанска банка АД Битола, отвори стечајна постапка, не ја спроведе и ја заклучи.

Од Основниот суд во Битола. (33674)

---

Основниот суд во Прилеп, со решение Ст. бр. 216/02 од 4.12.2002 година, отвори стечајна постапка према должникот Претпријатие за производство, услуги и трговија на големо и мало, увоз-извоз "ЏОН ЕКСПРЕС" Прилеп П.О. со седиште на ул. "Пане Талески" бр. 10, со рег. влошка 01006151?-8-03-000 на Основниот суд Битола, со основна дејност трговија на мало во продавници претежно со храна, пијалаци и тутун, со жиро сметка 41100-601-11604 во Агенција за работа со блокирани сметки, не се спроведува, туку се заклучува.

Стечајната постапка се отвора поради претстојна неизбежна неликвидност кај должникот.

Од Основниот суд во Прилеп. (33675)

---

Основниот суд во Прилеп, со решение Ст. бр. 209/02 од 13.12.2002 година, отвори стечајна постапка према должникот Трговец поединец за трговија на мало "ДАДО" Валентина Дончо Димкоски ТП, со седиште на ул. "Бидимаш" бр. 18-32/2 во Прилеп, запишан во рег. влошка 01006099?-6-01-000 со решение трег. 41/99 на Основниот суд Битола, со жиро сметка бр. 300-0200000 во Комерцијална банка АД Скопје-филијала Прилеп, не се спроведува но се заклучува поради тоа што нема имот ни за покривање на трошоците на постапката.

Од Основниот суд во Прилеп. (33676)

---

Основниот суд во Прилеп, со решение Ст. бр. 220/02 од 13.12.2002 година, отвори стечајна постапка према должникот Трговско друштво за производство, услуги, транспорт и трговија Горанчо Ангелески "СУПЕР МАРИО 99" увоз-извоз Прилеп ДООЕЛ, со седиште на ул. "Мариовска" бр. 2а во Прилеп, запишан во рег. влошка 010265?-8-01-000 на Основниот суд Битола, со основна дејност такси превоз со жиро сметка бр. 300020000060854 во Комерцијална банка АД Скопје-филијала Прилеп, не се спроведува, но се заклучува поради тоа што должникот му должи само на единствениот основач.

Од Основниот суд во Прилеп. (33677)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје, објавува дека со решението I. Ст. бр. 441/2002 од 04.12.2002 година, над должникот Претпријатие за внатрешна и надворешна трговија "ФОКУС"-Скопје, со седиште на ул. "Рузвелтова" бр. 6 и жиро сметка бр. 40100-601-227209, кај РМ, Агенција за работа со блокирани сметки на учесниците во платниот промет-Скопје, се определуваат следните мерки за обезбедување:

За привремен стечаен управник се определува Јагода Вељковска од Скопје, ул. "Маршал Тито" бр. 22/3/17.

Се задолжува привремениот стечаен управник да го заштити и одржува имотот на должникот, да продолжи со водење на претпријатието на должникот се до донесување на одлука за отворање на стечајна постапка и да испита дали од имотот на должникот можат да се намират трошоците на постапката.

Се повикуваат должниците на должникот своите обврски и должниковите солидарни содолжници и гаранти без одлагање да ги исполнат своите обврски кон должникот.

Се задолжува должникот Претпријатие за внатрешна и надворешна трговија "ФОКУС"-Скопје, да му овозможи на привремениот стечаен управник да влезе во неговите деловни простории за да може да ги спроведе потребните дејствија, како и да му допушти увид во трговските книги и неговата деловна документација.

Решението да се објави на огласната табла на судот и во "Службен весник на РМ".

Од Основниот суд Скопје I - Скопје. (33868)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје, објавува дека со решението II. Ст. бр. 456/2002 донесено на 19.12.2002 година, се определуваат следните мерки за обезбедување:

За привремен стечаен управник се определува Тихомир Павловски од Скопје, ул. "Шекспирова " бр. 3/4.

